Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 23.04.2022

На 22.04.2022 од страна на полициски службеници од СВР Струмица бил лишеност слобода Ј.П.(46) од с.Муртино, струмичко. Имено, во 09.30 часот, во близина на место викано „Герено" во атарот на .С.Муртино, полициски службеници, откриле импровизирано место за одгледување на марихуана, каде биле пронајдени 62 саксии засадени со марихуана, со висина на стеблата од 30 до 50 сантиметри. По пренесени мерки и активности утврдено е дека саксиите се сопственост на Ј.П.. Во координација со Јавен обвинител од ОЈО Струмица и со наредба од судија на претходна постапка при Основен суд Струмица извршен е претрес во дом и други простории кај Ј.П., при кои биле пронајдени 187 семки од растение канабис сатива, 20 куршуми, барутно полнење со ознака м-49, масло од канабис, неколку стебла канабис сатива во висина од 20-25 см, петарди, метални детектори, 18 стари монети и поголема количина пари. Ј.П. бил приведен во полициска станица и против него ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.04.2022 од страна на полициски службеници Одделението за криминалистички работи Кисела Вода е расчистено кривично дело „кражба" извршено на 12/13.04.2022 во Сопиште, скопско, при што е пронајден сторителот на делото - Т.Т.(40) од Куманово, со кого е извршен службен разговор во кој тој во целост го призна извршувањето на кражбата. Имено, Т.Т. во периодот од 12/13.04.2022 од 33-годишен жител на Сопиште одзел поголем број алати и материјали и ги натоварил во своето товарно возило со кумановски регистарски ознаки. Полициски службеници од СВР Куманово извршиле претрес кај Т.Т. во Куманово, при што биле пронајдени предмети поврзани со кривичното дело, кои се одземени и вратени на сопственикот. По документирање на случајот против Т.Т. ќе биде поднесена кривична пријава по чл.235 од Кривичниот законик.

На 22.04.2022, по пренесени мерки и активности, СВР Штип расчисти кривично дело по чл.251 ст.2 од Кривичниот законик, за кое постојат основи на сомнение дека го извршил Д.К. (35) од Штип. Имено, постапувајќи по пријава од Д.К.(29) од Штип, според која во периодот од 15.04 до 21.04.2022 неговата банкарската картичка била злоупотребена, при што со неа биле извршени 87 успешни трансакции во вкупен износ од 356.889 денари на продажни места и банкомати во Штип, по пренесени мерки и активности од полициски службеници од СВР Штип Д.К.(35) бил осомничен како сторител на кривичното дело. Притоа, тој од банкомат во повеќе наврати извадил вкупно 270.000 денари. Од имѓ 148.000 му се вратени на оштетеникот, а во координација со Јавен обвинител против Д.К. ќе следува соодветен поднесок.

На 22.04.2022 во 17.20 часот на ул.„Македонија" полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишија од слобода Р.Е.(26), Р.Б.(20) и А.Р.(27), сите од Скопје. Тие биле затекнати при извршување на кривично дело „тешка кражба" од деловен субјект. Тројцата биле приведени во полициска станица и при извршен службен разговор во целост го појасниле начинот на извршување на кривичното дело, а кај нив биле пронајдени предмети поврзани со делото. За случајот бил известен Јавен обвинител, по чии насоки по комплетно документирање на материјалот против нив ќе биде поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

По текот на вчерашниот ден (22.04.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 413 возаи. Од имѓ 64 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 10 возила се движеле со дури над 70 километри на час. Притоа, 202 возачи ја пречекорале брзината во населено место, а 211 надвор од населено место.

Денеска (23.04.2022) во 03.20 часот било пријавено дека на патот Делчево – с.Очипала патничко возило „алфа", со делчевски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(21) од Делчево, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Делчево.

На 22.04.2022 во 14.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, Х.С.(41) од Скопје пријавил дека на ул.„Македонско-косовска бригада" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 22.04.2022 во 15.55 часот било пријавено дека на ул."Беличица" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф", управувано од Д.С.(41) од Гостивар и товарно возило „денс", управувано од К.С.(43) од с.Сребиново, и двете со материјални надворешни регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ќ.С., а со телесни повреди се здобил сопатникот од истото возило Ш.А.(42) од с.Беловиште и возачот Д.С., констатирани во Ургентниот центар во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 22.04.2022 во 11.00 до 17.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спроведе засилена контрола на брзината со која се движат возилата, во која биле изречени вкупно 202 мерки, од кои 106 надвор и 96 во населено место. Од мерките изречени надвор од населено место (ТЕ-72 и ГВ-34), 9 (ТЕ-6 и ГВ-3) се однесуваа на возачи кои се движеле со брзина поголема од 70 километри на час над максимално дозволената, а 48 (ТЕ-18 и ГВ-30) до 70 километри на час. При контролата санкционирани се 96 возачи во населено место (ТЕ-49 и ГВ-47) кои се движеле со поголема брзина од максимално дозволената, меѓу кои 4 (ТЕ) до 50 километри на час. На сите возачи-прекршители изготовени им се соответни, законски пропишани решенија поднесоци. Санкционирани, исто така, биле и 8 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-5).

На 22.04.2022 во 16.00 часот било пријавено дека на локалниот пат во с.Речане четвртокласен „СМЦ", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од малолетник од с.Речане, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот и уште еден малолетен сопатник, констатирани во Ургентниот центар во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 22.04.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Драчево, Ф.Р.(30) од Скопје пријавила дека на ул.„Пат за Китка" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 23.04.2022 полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Р.Р.(25), со живеалиште во Скопје, и С.Р.(25) од Скопје. Притоа, Р.Р. се барал за издржување на казна затвор од 3 години за извршено кривично дело „тешка кражба" по член 236, додека С.Р. за издржување на затворска казна во времетраење од 2 години во врска со кривично дело „кражба" по член 235 од Кривичниот законик. Двете лица се приведени во полициска станица и ќе бидат спроведени во казнено-поправна установа за издржување на казните.

На 22.04.2022 околу 16.15 часот на ул.„Цветан Димов" во Струмица, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Струмица го лишиле од слобода Д.К.(33) од Штип, бидејќи кај него пронашле кутија со марихуана и бела кристална материја. Во координација со Јавен обвинител по целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.04.2022 во 17.15 часот, на локалел пат во кичевското село Црвевци, полициски службеници од ОВР Кичево при контрола во патничко возило „мерседес", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(30) од с.Речани, констатирале дека тој врши транспорт на огревно дрво без соодветна документација. Возилото и дрвната маса се одземени и предадени на Шумската полиција од Кичево.

На 22.04.2022 во 17.25 часот полициски службеници од СВР Тетово во тетовско село го лишиле од слобода М.З.(57) од с.Челопек. Тој во 16.25 часот бил приведен дека по претходна вербална расправија ѝ се заканувал со огнено оружје на неговиот 48-годишен брат. Малку подоцна бил извршен претрес во домот на приведеното при што била пронајдена и одземена воздушна пушка, за која не поседувал документи. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.04.2022) околу 12.30 часот полициски службеници од СВР Тетово, во присуство на родител, лишиле од слобода малолетник од тетовски Дреновец, а околу 15.50 часот, исто така во присуство на родител уште еден малолетник од тетовски Порој, поради сомнение за нивна инволвираност во физичка пресметка во трговски објект на ул.„Јане Сандански", приведени во СВР Тетово вчера во 21.05 часот, во која со остар предмет бил повреден 16-годишен малолетник од Тетово. Нападнатиот бил пренесен за укажување на лекарска помош во тетовската Клиничка болница. Со приведените малолетници бил извршен службен разговор и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 22.04.2022 во 14.00 часот С.Ф.(36) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Р.Н. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Р.В.(45) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластен производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 16.11.2021 полициски службеници извршиле претрес во домот на приведениот, при што пронашле и одземе марихуана.

На 23.04.2022 во 02.30 часот било пријавено дека во с.Орешани, скопско, по претходно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу В.М.(47) и И.С.(25), двајцата од Скопје. Сочинети се записници по чл.11 од ЗЈПЈРМ.

На 22.04.2022 во 18.15 часот полициски службеници од СВР Тетово во с.Голема Речица го лишиле од слобода К.А.(34) од с.Голема Речица, поставувајќи по пријава според која претходно физички ја нападнал невенчаната сопруга. К.А. бил задржан во полициска станица и по целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.М. од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.03.2022 на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола во патничко возило „форд транзит", управувано од приведениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 23.04.2022 во 00.40 часот било пријавено дека во Неготино, во близина на угостителски објект, по претходна вербална расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Н.Ј.(29) од Кавадарци, од една страна, и Г.С.(26) и М.С.(27), двајцата од с.Тимјаник. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.04.2022 во 15.20 часот во СВР Тетово на тетовското Кале, во близина на цркватa и трафостаницата, полициски службеници од СВР Тетово пронашле врека во која имало ракетен фрлач, рачна бомба, еден проектил 30 мм и 31 куршум кал. 7,62 мм и 14 мм, кои најверојатно потекнуваат од конфликтот во 2001 година. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово, а пронајдениот е безбедно подигнато од претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Г.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластен производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 31.07.2018, полициски службеници извршиле претрес во вилата во која бил сместен приведениот, при што пронашле и одземе кокаин и марихуана.

На 22.04.2022 во 15.45 часот К.П.(81) од Скопје, пријавил дека на 21.04.2022 околу 15.15 часот на подрачјето на Карпош откако излегол од маркет давајќи да вработените му рекле да ја врати корпата која ушо ја носел со себе, а кога пријавителот рекол дека сака да ги однесе продуктите до неговиот дом бидејќи живеел близу едниот од них физички го нападнал. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Ш.(65) и А.С.(31), двајцата од Гостивар и правно лице од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно граѓење" и „неизвршување на судска одлука". Во периодот од февруари до април 2022 година на место викано „Малеадра" во Гостивар, приведените не ги извршувале градежните работи на колективна станбена зграда согласно одобреното издадено градежен инспекторат на општина Гостивар и не го почитувале и судското Решение за привремена мерка од Основен суд Гостивар за забрана за изведување на градежни работи на објектот.

На 23.04.2022 во 03.30 часот П.Ц.(25) од Битола пријави дека околу 02.30 часот во Битола бил физички нападнат од Љ.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.04.2022 во 00.30 часот Н.Т.(34) од Скопје пријавил дека во угостителски објект на подрачјето на Карпош, додека бил со неговата сопруга и две други лица, по вербална расправија и закани од С.Р. и М.Н., со кои инаи претходно нерасчистени меѓусебни односи, бил физички нападнат од М.Н., кој во нападот употребил кундак од пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правен субјект – угостителски објект од Тетово и Л.С.(43) од с.Бозовце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 01.03.2022, полициски службеници извршиле контрола во угостителскиот објект и било констатирано дека не се придржувал кон мерките на Владата кои се однесуваат на задолжително поседување сертификат за примени две дози на вакцина при влез во угостителските објекти.

На 23.04.2022 во 01.30 часот С.В.(40) од Богданци, пријавил дека околу 00.30 часот, во близина на Градскиот парк во Богданци, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет